ИНСТИТУТ ЗА ОПШТЕСТВЕНИ
И ХУМАНИСТИЧКИ НАУКИ
СКОПЈЕ

Институт за општествени и
хуманистички науки
Бр. 132/2017
14. 08 2017 год.
СКОПЈЕ

Научно-наставниот совет на Институтот за општествени и хуманистички науки-Скопје, на седницата, одржана на 23.06.2017 година, донесе Одлука за формирање Комисија за оценка и одбрана на магистерскиот труд под наслов **Жените во природните науки во Република Македонија и политиките за постигнување родова еднаквост во структурите на Обединетите нации,** поднесена од кандидатката Катерина Пеповска, во состав: Проф. д-р Катерина Колозова, Доц. д-р Ана Блажева и Доц. д-р Калина Лечевска.

Комисијата се заблагодарува за укажаната доверба и откако го прегледа магистерскиот труд, на Научниот совет го поднесува следниов:

## ИЗВЕШТАЈ

### 1. Библиографска белешка за кандидатката

Катерина Пеповска е родена на 10.07.1976 година во Скопје, Македонија. Во 1999 година дипломирала на Катедрата за англиски јазик и книжевност на Универзитетот Св.Кирил и Методиј. Постдипломските студии ги започнува на Универзитетот Виена на Катедрата за социолошки студии, отсек Наука, Технологија, Општество. Моментално, Катерина Пеповска работи во канцеларијата за борба против дрога и криминал во секретаријатот на Обединетите нации во Виена.

### 2. Кус опис на трудот

**2.1 Предмет** на истражувањето на овој труд се политиките на родовиот мејнстриминг во структурите на Обединетите нации кои целат кон зголемување на бројот на научнички во нивната организација, како и преглед на ситуацијата и политиките што се однесуваат на научничките во природните науки во Република Македонија.

**2.2 Целта** на истражувањето е да спроведе применета истражувачка анализа и да покаже што е потребно за жена од Македонија да стане научничка во областа на природните науки и понатаму да се здобие со кариера на глобално ниво.

**2.3 Структура на трудот**

Магистерскиот труд на Катерина Пеповска, **Жените во природните науки во Република Македонија и политиките за постигнување родова еднаквост во структурите на Обединетите нации,** е напишан на англиски јазик и опфаќа 69

страници, од кои 61 се основен текст на тезата, а останатите се анекси и користена литература.

Трудот е составен од следните поглавја:

1. **Вовед**
2. **Теориски поглед на родот**
3. **Жените во природните науки во Македонија**
4. **Структурите на Обединетите нации**
5. **Политики на Обединетите нации кои може да се имплементираат во Македонија**
6. **Заклучоци**

Во **Воведот** кандидатката ги претставува истражувачките прашања. Примарно, тезата елаборира неколку теоретски погледи на родовите прашања во професионалната научна кариера помеѓу мажите и жените. Второто прашање е дали воведувањето на родов мејнстриминг во науките било успешно во зголемувањето на бројот на научнички? Третото прашање е позицијата на научничките во РМ: колкав е нивниот број и до која мера нивниот избор на студии и понатамошен професионален ангажман е родово одговорен? Исто, во воведот кандидатката ја објаснува методологијата користена во магистерската теза.

Во поглавјето **Теориски поглед на родовите прашања/разлики**, Пеповска ги анализира трудовите на еминентни теоретичари во поглед на разликите, сличностите, еднаквоста и родовиот мејнстриминг во изминатите декади. Презентираната литература е со посебен акцент на родовите прашања во природните и т.н STEM науки. Со оваа теоретска рамка кандидатката сака да навлезе во можните објаснувања за светските трендови, како и да ги објасни причините за различната застапеност на мажите и жените во природните науки.

Во поглавјето **Жените во природните науки во Македонија** преку пет поднаслови, кандидатката ги анализира податоците кои се однесуваат на жените кои студираат природни науки во Македонија. Во анализата на образовните институции, таа детектира дека во Македонија многу побројни се студентките кои студираат општествени отколку природни науки. До истиот заклучок дошла и по специјално спроведените интервјуа со студенти и студентки на приватни или државни универзитети. Тие биле среќни со нивниот избор, но воедно не се информирани за сите можности во професионалниот развој. Следејќи ја биографијата на единствената Македонка која работи во Меѓународната агенција за атомска енергија, Пеповска заклучува дека и таа како и останатите кои студирале природни науки за малку ќе ја

изберела кариерата на наставничка. Кај истата жена постоела желба да го имплементира здобиеното знаење во Македонија, но не наишла на поддршка од институциите. Пеповска во овој дел ги консултира и најновите светски истражувања кои покажуваат дека жените повеќе дипломираат од мажите, но сè уште постои поделбата на „машки и женски" професии.

Во поглавјето **Структурите на Обединетите нации**, кандидатката преку четири поднаслови дава обемна анализа на работата на Организацијата на обединетите нации преку нивните специјализирани агенции во делот на родова еднаквост, баланс и родов мејнстриминг. Пеповска заклучува дека ООН имаат влијание на нашето општество, вклучувајќи ја позицијата на македонските жени во природните науки. Таа заклучува дека земјите мора да креираат охрабрувачка средина за младите девојки да влезат во светот на природните науки.

Во поглавјето **Политики на Обединетите нации кои може да се имплементираат во Македонија,** кандидатката како пример ја зема Меѓународната агенција за атомска енергија и нивните политики, кои може да придонесат до зголемување на бројот на научнички во природните науки во Македонија.

Во **Заклучоците,** Пеповска потенцира дека:

- Во светски рамки, родовиот баланс и родовата еднаквост во полето на образование и професионален развој не е постигнат. Најновите податоци покажуваат дека е многу помал бројот на жени кои студираат природни науки. Исто, споредено со мажите, жените немаат толку високи позиции кои носат влијание во структурите на ОН.
- Во Република Македонија сè уште постои поделба на прифатливи професии за жени во духот на традиционализмот, а воедно недостигаат политики кои ќе ги охрабрат девојките да студираат науки кои не се практикувале во нивните семејства.
- За тоа да се постигне, треба да се следат ОН и нивните бројни политики, чија цел е да привлечат повеќе жени во природните науки, како и да го изедначат бројот на мажи и жени во нивните структури.

### 3. Заклучни констатации и предлог

Врз основа на претходно изнесеното, Комисијата заклучи дека магистерскиот труд **Жените во природните науки во Република Македонија и политиките за постигнување родова еднаквост во структурите на Обединетите нации,** поднесен од кандидатката Катерина Пеповска дава научен придонес во областа на родовите студии: научните сознанија до кои доаѓа се применливи, а дел од нејзината научна

анализа се однесува токму на прашањата на контекстот на Македонија и нивната применливост во него. Трудот е поткрепен со бројни податоци и се темели на нивна сериозна емпириска анализа. Аргументот на Пеповска е секогаш јасен, прецизен и логичен.

Трудот е структуриран на јасен и прегледен начин, и е поткрепен со релевантна библиографија. Со него, кандидатката докажува дека ги совладала научно-истражувачките и методолошки постапки во изработката на самостоен научен труд.

Врз основа на увидот на трудот и врз основа на горе изнесениот заклучок, Комисијата позитивно го оценува магистерскиот труд на Катерина Пеповска под наслов **Жените во природните науки во Република Македонија и политиките за постигнување родова еднаквост во структурите на Обединетите нации.** Комисијата има чест да му предложи на Научно-наставниот совет на Институтот за општествени и хуманистички науки – Скопје да ѝ одобри јавна одбрана на кандидатката.

Скопје, 14.08.2017

**КОМИСИЈА ЗА ОЦЕНКА И ОДБРАНА:**

1. **Д-р Катерина Колозова, редовен професор, член на комисијата**

   ______________________________

2. **Д-р Ана Блажева, доцент, член на комисијата**

   ______________________________

3. **Д-р Калина Лечевска, доцент, член на комисијата**

   ______________________________